EUROPEAN CENTRE FOR MINORITY ISSUES




Месечен електронски информатор на

## ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија

**Март 2004, број 24**

Ова е информаторот на ЕЦМП НВО  Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи во Република Македонија.  Оваа мрежа е резултат на заедничката иницијатива помеѓу Европскиот центар за малцински прашања (ЕЦМП), од Фленсбург, Германија и членките на Мрежата. Оваа Мрежа ќе ја зголеми соработката на НВОи-членки кон развој и унапредување на меѓуетничката толеранција, почитување на разликите и дијалогот помеѓу оние кои живеат во Република Македонија. Посебно, оваа НВО Мрежа цели да ги зајакне капацитетите на НВОи-учесннички да создаваат заеднички проекти и други иницијативи со силна меѓуетничка димензија и да ги имплементираат таквите иницијативи.

# Вести

**01 Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**Работилница “Жената и нејзиното здравје”**
Работилницата “Жената и нејзиното здравје” која се одржа во простории на ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово, беше организирана од Форумот на Албанската Жена, членка на ЕЦМП НВО Мрежат.
Тренер на работилницата, чија целна група беа жените од руралната средина, беше Др. Ани Горишти – Мартин, од Албанија.
Дискусијата на Работилницата беше насочена кон потребата од планирање на семејетвото, абортусот и контрацептивните средства вклучувајќи ги нивнит позитивнит и негативнит страни.
**E-mail:** ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

# Идни Настани

**Датум : 07.05.2004**
**Време : 14:00**
Работилница за пазбирање на меѓусебните културни и традиционалните навики во просториите на ЕЦМП Регионалниот Центар Тетово како дел од иницијативата “Пат до заеднички соживот”

**Датум : 10.05.2004**
**Време : 10:00 – 16:00**
Работилница за развој на Младински Акционен План за општините Тетово и Гостивар во канцеларијата на ЕЦМП Регионалниот Центар Тетово, како дел од Иницијативата “Локална

**07 Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Битола**
**Културното и хуманитарно здружение на Турците “Челебија”**
**Прес конференција “Младите и Алхохолот”**


ФРАПАНТНИ РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО ВО БИТОЛА И ВО ОХРИД

**И седмоодделенци се фаќаат за чашка**

Дури 61 отсто од тинејџерите пијат алкохол, и тоа вињак, вотка или коњак, а се освежуваат со пиво

МЕНДЕ ПЕТКОВСКИ

Со цел да се презентираа резултатите од Анкетата, спроведена како дел од иницијативата “Младите и Алхохолот” беше организирана прес конференција во Хотел “Епинал”.
Иницијативата ја спроведува Културното и хуманитарно здружение на Турците “Челебија” во партнерство со Асоцијацијата на отворени комуникции, Младински културен центар и Медија Артес.
Муарем Садик, Координатор на ЕЦМП Регионалниот НВО Ресурсен Центар Битола, ја отвори прес конференцијата со кратко претставување на мисијата и целите на ЕЦМП НВО Мрежата.
Сузана Сулејман ги запозна присутните со целите и очекуваните резултати од спроведувањето на иницијативата “Младите и Алхохолот” како вовед во презентацијата на резултатите од спроведената анкета на 528 ученици од средните и основните училишта во Битола и Охрид, која ја направи Мирослав Стојанов.
**E-mail:** ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**07 Април**
**Граѓанско здружение за демократија, мир и толеранција “Аурора” – Битола**
**Меѓународна Младинска Размена**
Меѓународната Младинска Размена “Соживот и меѓусебно разбирање” се одржа во Туристичкиот Центар “Пелистер”, Нижополе од 7 до 14 Април. Ова е прв настан од ваков вид организиран во Република Македонија со цел да се придонесе кон изградбата на мостови на пријателство, соработка и доверба помеѓу младите од државите членки на ЕУ и оние кои допрва треба тоа да станат.
Организатор на овај семинар беше Граѓанското здружение за демократија, мир и толеранција “Аурора” – Битола со подршка на нејзиниот белгиски партнер, организацијата ПАЦ ЕВЕРЕ и Белгиската Национална Агенција за Млади при Европската Унија.
Со оглед на фактот дека при неодамнешните испитувања на јавното мислење во државите членки на ЕУ, нашата држава се најде на долниот

акција – национална стратегија” имплементирана од Подмрежата – Младински мултикултурни иницијативи

дел од листата на пожелни идни членки на ЕУ, оваа размена има за цел да придонесе кон уривањето на ксенофобијата, како и на предрасудите кои ги имаме едни спрема други.
**E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk**

**Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Куманово**
**“Вашите права во полициските процедури”**




Заврши со имплементација иницијативата “Вашите права во полициските процедури”, која беше спроведена од Форумот за ромски права “АРКА” во партнерство со Регионалната агенција за развој, Еколошкото друштво „Натура“ и Еколошко друштво „ИЗГРЕВ“.
Целат на иницијативата е да се подигне свесноста кај граѓаните за потребата од познавање и почитување на законот и човековите права.
Исто така организациите работеа и на градење на доверба во судството преку едукација на целната група и на подобрување на односите помеѓу полицаиата и граѓаните преку отворена комуникација.
Со оваа иницијатива беа опфатени 500 луѓе, од 18 до 50 години од Куманово, Свети Николе и Крива Паланка.
**E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk**

**08 Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Битола**
**Здружение на Ромите од Битола „Баирска светлина“**
**Прослава на Меѓународниот ден на ромите**
Петдневната прослава на Меѓународниот ден на ромите беше организирана од Здружението на Ромите од Битола „Баирска светлина“, членка на ЕЦМП НВО Мрежата.
Прославата започна на 04 април со фудбалски турнир на осум екипи од Битола и продолжи на 05 април со изложба на цртежи на млади Роми, фотографии од активностите на „Баирска светлина“ од октомври 2001 до март 2004 како и изложба на тема “Населбата Баир е дел од Битола” во просториите на локалната заедница “Димитар Влахов”. На 06 април дел од активистите на „Баирска светлина“ положија свежо цвеќе на гробовите на ромите борци во Прилеп. Следниот дел продолжи со конференција на тема Статутот и позицијата на ромите од Битола – состојби, околности и можности” во локалната заедница “Димитар Влахов”. Проектирањето на документарниот филм “Карорман 111, улица без изглез” продуциран од




НВО Групата Фелих, придружено со предавањето за историјата, културата и јазичните карактеристики на ромите го обележа четвртиот ден. Прославата заврши на 08 април со презентација на ромската музика во населбата Баир и продолжи со концерт на плоштадот "Магнолија" и доделувањето на благодарници.

**E-mail:** ecmibitola@ecmingonet.org.mk

**08 Април**
**Организација на ромските жени "ДАЈА" – Куманово**
**Прослава на Меѓународниот ден на ромите**



Со изведба на ромската химна "Џелам, Џелам" започна одбележувањето на Меѓународниот ден на ромите на малиот плоштад пред Центарот за култура "Трајко Прокопиев" во Куманово. Овај настан, кој имаше за цел да посочи на значењето и важноста на овај ден за ромската популација, беше организиран од Организацијата на ромските жени "ДАЈА", членка на ЕЦМП НВО Мрежата.

Настанот опфати и рецитал на децата од градинката на Организација на ромските жени "ДАЈА", настап на фолклорната група "Срна" и фолклорниот ансамбал "Амалипе". Лифлетите кои беа делени во текот на прославата на ромските и не-ромските посетители придонесоа кон постигнувањето на целта – запознавање со значењето на одлуките кои се донесени од Обединетите Нации.

**E-mail:** ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk

**09 Април**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Развој на стратешки план за одржливост на ЕЦМП НВО Мрежата**

Дво-дневната работилница за развој на стратешки план



за одржливост на ЕЦМП НВО Мрежата за подобрување на меѓуетничките односи се одржа во хотел "Ривиера" Охрид. Комисијата за стратешко планирање на НВО Мрежата е составена од шест претставници на Координативното Тело и од по еден претставник на шесте Регионални Центри. Оваа работилница е прва од трите планирани на кои ќе се

Со цел да се изработи Нацрт стратегија која ќе биде во склоп со потребите на сите членки, планирано е да се одржат работилници во секој Регионален Центар на тема "Каде сакаме да бидеме". Нацрт Стратегијата за ЕЦМП НВО Мрежата ќе биде презентирана во средината на септември.
**E-mail: www.ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

**Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**Ајде да направиме нешто повеќе**
Заврши со имплементација иницијативата "Ајде да направиме нешто повеќе" спроведувана од НВО Младинска алијанса – Тетово во соработка со членките на ЕЦМИ Регионалниот НВО Ресурсен Центар Тетово.
Преку дискусиите кои се развија на четрите одржани трибини се прибраа значајни информации за потребите и проблемите во Тетово на полето на едукација, антикорупција, евроинтеграција и економски развој. Прибраните информации ќе бидат основа за иницирање на активности кои ќе се движат кон решавање на постоечките проблеми во тетовскиот регион.
**E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

**15 Април**
**ЕЦМП НВО Мрежа**
**Состанок на Координативното Тело**



На агендата на Координативното Тело на ЕЦМП НВО Мрежа, кое се состана во Регионалната Канцеларија во Скопје, се наоѓаа повеќе точки и тоа: Планот на Активности за 2004 година на секој Регионален Центар одделно и евалуација на нивната работа во текот на 2003, расположливите финансиски средства на Мрежата и Регионалните Центри за оваа година, информирање за работилницата на Комисијата за Стратешко планирање, Генерално Собрание планирано за јуни како и поднесените иницијативи на национално ниво и нивниот буџет.
**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk**

**15 Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Гостивар**
**Организацијата на турските жени во Македонија "МАТУКАТ"**
**Изложба на традиционална облека и сувенири од гостиварскиот регион**
Како дел од иницијативата "Оживување на историјата за изработка на традиционална облека од гостиварскиот регион" во просториите на Регионалниот Центар Гостивар се одржа изложба на традиционална облека и сувенири. Оваа иницијатива беше имплементирана од Организацијата на турските жени во Македонија

"МАТУКАТ" во соработка со Сојуз на жената Албанка и Организацијата на Жени.



Изложбата беше посетена од голем број на граѓани, претставници на локалната заедница и медиумите од Гостивар и Тетово, на кои им беше презентирана целта и резултатите од имплементирањето на оваа иницијатива.

Три дена по поставувањето на оваа изложба, организациите кои работеа на имплеметирање на иницијативата "Оживување на историјата за изработка на традиционална облека од гостиварскиот регион" беа посетени од турскат делегација во која беа и претставници на Институтот за фолклор при Факултетот за социолошки истражувања во Измир, Турција. Тие покажаа голем интерес за изложената облека и сувенири и понудија да помогнат во изнаоѓањето на странски пазари за нивно пласирање.

**E-mail: ecmigostivar@ecmingonet.org.mk**

**Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**"Превенција на Малолетнички Бракови"**

Три - месечната иницијативата "Превенција на Малолетнички Бракови", спроведувана од страна на Асоцијацијата на Ромите од Тиквеш, Кавадарци во партнерство со Асоцијацијата на Жени, Штип, заврши со имплементација. Во текот на спроведувањето на оваа иницијатива беа одржани 23 едукативни работилници со 230 девојки на возраст од 12 до 17 години од Кавадарци и Росоман. Целта е да се подигне едукативното ниво на учесничките за бракот како институција, обврските и последиците од прераното стапување во брак. На тој начин се придонесе кон превенција на малолетничките бракови како и до актуелизирање на овај постоечки проблем во двете општини.

**E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk**

**21 Април**
**Организација на ромските жени "ДАЈА" – Куманово**
**Дебати на тема "Еманципација"**

Организацијата на ромските жени "ДАЈА" организираше пет дебати на тема "Еманципација" и тоа во Виница и Берово на 21-ти април, Пехчево и Делчево на 23-ти април и Битола на 24-ти април.

Целта на дебатите беше да се подигне свеста кај младите роми, како нај сензитивна група, за потеребата од еманципација.

Предавач на дебатите беше Феат Камбероски, координатор Нурија Јумеровска, а асистент Алиса Таировска.

**E-mail: ecmikumanovo@ecmingonet.org.mk**

**Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**“Патот до заеднички соживот”**

Како дел од иницијативата “Патот до заеднички соживот” се одржаа три работилници на тема Ненасилна комуникација во три села од тетовскиот регион и тоа во: Рогачево на 02 април, Глоѓи на 08 април и Шипковица на 20 април.

Оваа иницијатива се спроведува од страна на НВО “Среќен живот” во соработка со Форум на албанската жена и Хуманитарно здружение на Ромите во Македонија "Сонце", членки на ЕЦМП НВО Мрежата.

Со трите работилници беа опфатени седумдесет и шест возрасни и млади луѓе од различна етничка припадност. За да се постигне целта на оваа иницијатива на работилниците беа изуцхувани повеќе методи за ненасилна комуникација преку игри и интерактивна дискусија.

**E-mail:** ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**28 Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**НВО “Мултикултура”**
**Работилница “Стоп за дрогата”**

Во просториите на Регионалниот Центар Тетово беше одржана работилница како дел од проектот “Стоп за дрогата”, организирана од НВО “Мултикултура” во партнерство со Форум на албанската жена и НВО Златна генерација.

Целта на работилницата беше да се информираат младите за последиците од користењето на дрога и различните видови на дрога. Учесниците дискутираа и за органиозирање на кампања на национално ниво со силна порака за последиците од користење на дрогата.

**E-mail:** ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**Април**
**ЕЦМП Регионален НВО Ресурсен Центар Тетово**
**НВО “Младинска алијанса”**
**“Оружје никогаш повеќе”**




Заврши со имплементација иницијативата “Оружје никогаш повеќе”, имплемнтирана од НВО “Младинска алијанса” во партнерство со Хуманитарно здружение на Ромите во Македонија "Сонце", Центар за демократски развој и НВО Хендикеп.

Целта на иницијативата беше да се приберат информации, сугестии и можни насоки кои ќе бидат искористени во формулирањето на идните активности во склоп на процесот на разоружување. Со помош на спроведената анкета и одржаните форуми, кои опфатија 250 луѓе и неколку НВОи, се добиа податоци за мислењето на граѓаните од Тетово и тетовско за нелегалното поседување и користење на оружје.

**E-mail:** ecmitetovo@ecmingonet.org.mk

**23 Април**
**НВО Златна Генерација**
**Културна манифестација**

Културната манифестација која се одржа во Домот на културата во Тетово, организиран од неколку турски НВОи, имаше за цел да се одбележи Денот на детето, еден од поважните денови кои се одбележува во Турција. Помеѓу неколкуте НВОи кои учествуваа во организирање на овај значаен настан беше и НВО "Златна Генерација", членка на ЕЦМП НВО Мрежата. Кон овај настан придонесоа и изведбите на учениците од неколку основни училишта од цела Македониај.

**E-mail: ecmitetovo@ecmingonet.org.mk**

Се надеваме дека ова издание на информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата ви беше од корист.
Ако имате било какви коментари или предлози за подобрување на овој информатор, ве молиме контактирајте со Верица Грданоска на: grdanoska@ecmingonet.org.mk.

Предходни изданија на Информаторот на ЕЦМП НВО Мрежата:
**http://www.ecmingonet.org.mk/publications_uk.htm**

**Европски центар за малцински прашања**
**Регионална канцеларија Скопје**
**Ул. Мајка Тереза 13а, 1000 Скопје**
**Телефон: +389 (0)2 3215 637; 3215 638**
**Факс: +389 (0) 2 3215 639**
**E-mail: ecmimkd@ecmingonet.org.mk.**
**www.ecmingonet.org.mk**
**www.ecmi.de**

ЕЦМР Проектот во Македонија е финансиран со великодушна поддршка на:

Swedish International Development Cooperation Agency

British Embassy Skopje

ODIN The Royal Norwegian Foreign Ministry

## ЕЦМП Пегионални НВО Ресурсни Центри

**ЕЦМП Регионален Центар Скопје**
Адреса: Мајка Тереза 13а, Скопје
Телефон/Факс: 389 (0)2 3215 637
E-mail: ecmi-skopje@ecmingonet.org.mk
Лице за контакт: Гордана Цветкоска

**ЕЦМП Регионален Центар Куманово**
Адреса: Локалитет Гарнизон 1/1-2
Телефон / Факс: 389 (0)31 425 456
E-mail: ecmiku-manovo@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Елена Петковска

**ЕЦМП Регионален Центар Битола**
Адреса: Јосиф Христовски 4/4, Битола
Телефон / Факс: 389 (0)47 236 874
E-mail: ecmibitola@ecmingonet.org.mk
Контакт Лице: Лидија Ангелковска

**ЕЦМП Регионален Центар Гостивар**
Адреса: 18ти Ноември 37а, Гостивар
Телефон / Факс: 389 (0)42 212 273
E-mail: ecmigosti-var@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Небија Исмаили

**ЕЦМП Регионален Центар Штип**
Адреса: Ванчо Прке 62/3-2, Штип
Телефон / Факс: 389 (0)32 382 510
E-mail: ecmistip@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Татјана Николовска

**ЕЦМП Регионален Центар Тетово**
Адреса: Илинденска 97, Тетово
Телефон / Факс: 389 (0)44 339 031
E-mail: ecmite-tovo@ecmingonet.org.mk
Контакт лице: Елвира Муртезани